

Почитувани родители,
Драги ученици,

По поднесување на документите за стипендирање, следи полагање на влезниот тест по англиски јазик (**G-TELP**) и дијагностичкиот тест по математика. Во продолжение дадена е куса информација за форматот на тестовите.

**G-TELP**
Тестот е составен од три дела.

- Граматика (заокружување на точниот одговор од понудени четири)
- Слушање (ученикот слуша краток текст од касета и го заокружува точниот одговор на поставените прашања)
- Вокабулар (ученикот чита кус текст и го заокружува точниот одговор на поставените прашања.

*Се однесува на сите три дела од тестот*.
За секое прашање дадени се четири можни одговори, а точен е само еден.

Посебна подготовка за овој тест не постои. За граматичкиот дел учениците би требало да ги познаваат основните граматички правила. Најдобар начин за вежбање на слушните способности е преку гледање филмови без превод или следење на научно-популарни емисии без превод. Вокабуларот се збогатува најмногу преку читање на литература на англиски јазик.

Сите дополнителни инструкции ќе следат пред полагање на самиот тест.

За тестот по математика потребно е учениците да имаат познавања од следниве области:

- Операции со броеви (цели броеви, децимални броеви и дропки);
- Решавање линеарни равенки;
- Решавање пропорции;
- Решавање системи равенки со две непознати со методите на замена и спротивни коефициенти (елиминација);
- Степени и степенување: користење и примена на својствата и правилата;
- Квадратни корени: користење и примена на својствата и правилата;
- Полиноми и операции со полиноми. Разложување на полиноми на прости множители;
- Дробно-рационални изрази
- Формули: замена на вредности за променливата/променливите и пресметување на вредноста. Преуредување на формули;
- Решавање на равенки со повеќе променливи по одредена променлива (поврзано со претходната точка);
- Задачи од геометрија:
  - Питагорова теорема и нејзина примена;
  - Пресметување на плоштина и волумен на рамнински фигури и на тела;
  - Останати задачи од геометрија

*Употребата на калкулатори не е дозволена.*

# *Essay topics given in the previous scholarship projects*

- Why would you like to live in a multicultural society?
- Who is your role model? Why did you choose this person?
- How can you overcome the differences that exist between you and other people in our country?
- What can you do in your local community to make a positive difference?
- What does ‘act locally, think globally’ mean to you and what should it mean for your country?
- If I could spend a day with any historical figure (past/present), I would choose ...
- If I were someone else, I would be ....
- The biggest problem in the world is ...
- Are we to judge people based on the questions they ask or based on the answers they give?
- Who is more important: “I” or “the others”?
- What matters more: the cruel truth or a beautiful lie?
- It is better to save one guilty man than to condemn one innocent one.
- I should forgive my enemy because...
- Do you dream with your eyes open?
- My message to the world!
- Imagine a world without verbal communication. What would it be like? Would you like to be a part of such a world?
- Today, our communication is influenced by mass media such as Facebook, Skype, or Cable TV. But, J. Priestly said - “The more elaborate our means of communication, the less we communicate.” How do you imagine positive communication will develop in the future?
- How much good leadership is influenced by positive communication?
- Is it possible for one person to make a difference?
- Pick an experience from your own life and explain how it has influenced your development.
- One day, a most remarkable thing happened to me. On that day I learned something about myself.
- Explain the importance of education in today’s society.